Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

од Двесте и шеснаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 јануари 2024 година

Скопје, јануари 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Двесте и шеснаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 јануари 2024 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија, што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:40 часот.

Со седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата учествуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација како и м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар во Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваше и Филип Николовски, заменик на министерот за финансии.

На седницата учествуваше и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваше Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Кернар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука и м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика.

*
*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Кадровски прашања

2. Прашања и предлози

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

### Точка 1

По однос на оваа точка немаше предлози.

### Точка 2

Владата го разгледа Барањето за промена на препораката, донесена на Двесте и четиринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 декември 2023 година, Точка 22 „Предлог за работа во недела и за време на новогодишните и божиќните празници во трговијата на мало кои се определени како неработни денови, согласно Законот за трговија“, го прифати и заклучи да престане да важи препораката за работа на 7 и 8 јануари 2024 година на продавниците, штандовите и киосците кои вршат трговија на мало за време на божиќните празници.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 12:45 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**